ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
тел. +389 2 3288 100
Бр./Nr. 05-301/1
www.crm.com.mk
13-02-2025 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 24 став 1 точка 2 од Статутот на Централниот регистар на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 45/2007 и 208/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2020) и член 77 во врска со член 121 став 3 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" број 24/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 87/2021 и 14/2025), в.д директорката на Централниот регистар на Република Северна Македонија на 13.02.2025 година донесе:

# ОДЛУКА
## за набавка на угостителски услуги

### Член 1

Се утврдува потреба од јавна набавка на угостителски услуги за период од 1 (една) година.

### Член 2

За задоволување на потребата од член 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во вкупен износ од 380.000,00 (триста и осумдесет илјади) денари без ДДВ, односно од 448.400,00 (четиристотини четириесет и осум илјади и четиристотини) денари со ДДВ, кои се обезбедени од сопствени приходи и се предвидени во Финансискиот план и во Планот за јавни набавки на Централниот регистар на Република Северна Македонија за 2025 година, а ќе бидат соодветно предвидени и во Финансискиот план на Централниот регистар на Република Северна Македонија за 2026 година.

### Член 3

Доколку вредноста на поединечната угостителска услуга не надминува 25.000,00 денари без вклучен ДДВ, плаќањето може да се изврши врз основа на обезбедена фискална сметка или фактура од носителот на набавката, која ќе се смета за договор за јавна набавка на услуги.

### Член 4

Доколку поединечната угостителска услуга е во вредност од 25.000,00 денари до 60.000,00 денари без вклучен ДДВ, да се поканат најмалку три економски оператори во секој поединечен случај.

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

**Член 5**

По исклучок од член 4 од оваа одлука, доколку од оправдани причини набавката може да ја изврши само еден економски оператор, во финансиската документација се образложува оправданоста за начинот на реализирање на набавката.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

Централен регистар на Република Северна Македонија своите деловни операции ги извршува преку 27 канцеларии и тоа 12 регионални регистрациони канцеларии и 15 регистрациони канцеларии на територијата на целата држава.

Централен регистар на Република Северна Македонија има потреба од јавна набавка на угостителски услуги од различни угостителски објекти на територијата на Република Северна Македонија за период од 1 (една) година.

Согласно со Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 87/2021 и 14/2025), (во понатамошниот текст: „Законот“), договорниот орган потребата од угостителски услуги може да ја задоволи на начин предвиден во Глава V, односно со примена на членовите 121 и 122. Имено, угостителските услуги спаѓаат во групата на посебни услуги за кои поради нивната специфичност Законот пропишал олеснителен режим на набавка, кој се заснова на почитување на основните начела на Законот утврдени во членовите 3 до 8 од истиот.

Имајќи го предвид наведеното, со одлуката се предвидуваат одредени правила како да се спроведат поединечните набавки на угостителски услуги во зависност од нивната вредност и на тој начин да се обезбеди почитување на основните начела на Законот.

**Изработил:** Јордан Дејанов, Раководител на Одделение за јавни набавки
**Одобрил:** Маја Лазаровска, Раководител на Сектор за економски и правни работи

**в.д. директорка**
**д-р Анита Стамнова**